Grant Thornton

# Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор

## Жито Леб Дооел, Штип

31 декември 2016 година

# Содржина

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 |
| Извештај за финансиската состојба | 4 |
| Извештај за сеопфатната добивка | 5 |
| Извештај за промените во капиталот | 6 |
| Извештај за паричните текови | 7 |
| Белешки финансиските извештаи | 8 |
| Прилози | |

Grant Thornton

# Извештај на независниот ревизор

Grant Thornton DOO
1000 Skopje
Sv.Kiril i Metodij 52 b - 1/20
Macedonia

T +389 2 3214 700
F +389 2 3214 710
www.grant-thornton.com.mk

До раководството и сопственикот на
Жито Леб Дооел, Штип

**Извештај за финансиски извештаи**

Ние извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на Жито Леб Дооел, Штип ("Друштвото"), составени од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2016 година, и Извештај за сеопфатната добивка, Извештај за промените во капиталот и Извештај за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 4 до 34.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување како резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Македонија[1]. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување. Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од процената на ревизорот, и истите вклучуваат процена на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиски извештаи, било поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за потребата да изрази мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството, како и оценка на севкупната презентација на финансиските извештаи.

---

[1] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се доставни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење со резерва.

*Основа за мислење со резерва*

Како што е тоа објавено во анализата на старосната структура на побарувањата од купувачите во Белешката 8 кон придружните финансиски извештаи, салдото на побарувањата од купувачи со состојба на 31 декември 2016 година вклучува побарувања во износ од 16,605 илјади Денари, кои се постари од една и повеќе години и за кои постои значајно сомневање во можноста за нивна наплата. Друштвото нема направено проценка на оштетувањето на погоре споменатите побарувања, ниту пак има признаено во своите финансиски извештаи со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2016 било какво резервирање поради оштетување на овие побарувања. Поради природата на расположливите податоци и информации ние не бевме во состојба да направиме сопствени проценки и со разумна сигурност да го утврдиме износот на потребната резервација поради оштетување на побарувањата од купувачите, која може да има материјално значајно влијание врз финансиската состојба и резултатот од работењето на Друштвото со состојба на и за годината што заврши на 31 декември 2016.

*Мислење со резерва*

Наше мислење е дека, освен за ефектот од прашањето на кое што се укажува во поглавјето "Основа за мислење со резерва", финансиски извештаи ја претставуваат објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото Жито Леб Дооел, Штип на ден 31 декември 2016 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

*Нагласок врз прашање*

Како што е објавено во Белешката 2.1.1 кон придружните финансиски извештаи, финансиските извештаи со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2016 се подготвени врз основа на претпоставката за неограничен континуитет во деловното работење на Друштвото. Собранието на акционери на матичното друштво Макпромет АД, Штип, на 15 април 2016 година донесе Одлука за статусна промена и започна постапка на присоединување на Жито Леб ДООЕЛ, Штип кон матичното друштво Макпромет АД, Штип. Присоединувањето ќе се направи по пат на универзален пренос на целиот имот и обврски на Жито Леб ДООЕЛ, Штип кон Матичното Друштво Макпромет АД, Штип по нивната нето сметководсвена вредност на пресечниот датум 31 декември 2016 година. По завршувањето на постапката за присоединување, Жито Леб ДООЕЛ, Штип престанува да постои како правен субјект, без постапка за ликвидација.

Деловните активности на Жито Леб ДООЕЛ, Штип, продолжуваат во неограничен континуитет во рамките на матичното друштво Макпромет АД, Штип, што нема да има влијание врз заинтересираните страни на Жито Леб ДООЕЛ, Штип, како последица на присоединувањето. Според проценката на Раководството, примената на претпоставката за неограничен континуитет при подготовката на овие финансиски извештаи е соодветна бидејќи тоа ја одразува суштината на ситуацијата и начинот на кој идните економски користи поврзани со средствата ќе се влеат во матичното друштво Макпромет АД, Штип, и на кој сегашните обврски ќе се подмират.

Нашето мислење не е дополнително модификувано во однос на горespоменатото прашање.

Grant Thornton

*Останати прашања*

Финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2015 година се ревидирани од страна на друг ревизор кој во својот извештај од 14 март 2016 година изразил мислење без резерва.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2016 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2016, во согласност со ревизорските стандарди прифатени во Република Македонија[2], како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.

Наше мислење е дека, историските финансиски информации објавени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2016, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишна сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2016.

Скопје,
30 мај 2017 година

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Управител
Марјан Андонов

Овластен ревизор
Марјан Андонов

[2] Меѓународни стандарди за ревизија („МСР") издадени од страна на Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување („ОМСРУ"), кои стапија на сила на 15 декември 2009 година, преведени и објавени во Службен весник на Република Македонија број 79 од 2010 година

# Извештај за финансиската состојба

| | Бел. | 31 декември 2016 000 МКД | 31 декември 2015 000 МКД |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 5 | 11,382 | 12,324 |
| | | **11,382** | **12,324** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 7 | 4,634 | 5,508 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 8 | 33,986 | 51,792 |
| Финансиски побарувања | 9 | 39,586 | 39,977 |
| Побарување за данок од добивка | | 107 | 17 |
| Парични средства и еквиваленти | 10 | 1,648 | 441 |
| | | **79,961** | **97,735** |
| **Вкупно средства** | | **91,343** | **110,059** |
| **Капитал и обврски** | | | |
| **Капитал** | 11 | | |
| Основачки капитал | | 702 | 702 |
| Резерви | | 313 | 313 |
| Акумулирани (загуби) | | (53,454) | (50,692) |
| | | **(52,439)** | **(49,677)** |
| **Обврски** | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Позајмици со камата | 12 | - | 888 |
| | | **-** | **888** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Позајмици со камата | 12 | 67,268 | 49,174 |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 13 | 76,514 | 109,674 |
| | | **143,782** | **158,848** |
| **Вкупно обврски** | | **143,782** | **159,736** |
| **Вкупно обврски и капитал** | | **91,343** | **110,059** |

Овие финансиски извештаи се одобрени од Раководството на Друштвото на ден 27 февруари 2017 година и се потпишани во негово име од:

Влатко Славков
Управител

# Извештај за сеопфатната добивка

| | Бел. | Година што завршува на 31 декември 2016 000 МКД | 31 декември 2015 000 МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 14 | 69,094 | 257,564 |
| Останати деловни приходи | 15 | 4,322 | 16,048 |
| Набавна вредност на продадени стоки | | (4,073) | (175,941) |
| Потрошени материјали | 16 | (38,976) | (49,462) |
| Трошоци за користи на вработените | 17 | (8,256) | (18,824) |
| Депрецијација | 5 | (482) | (865) |
| Останати деловни трошоци | 18 | (23,053) | (31,639) |
| Промени во залихите на готови производи | | (525) | 646 |
| **(Загуба) од работење** | | **(1,949)** | **(2,473)** |
| Финансиски приходи | 19 | 16 | 21 |
| Финансиски (расходи) | 19 | (829) | (1,646) |
| Финансиски ( расходи), нето | | (813) | (1,625) |
| **(Загуба) пред оданочување** | | **(2,762)** | **(4,098)** |
| Данок на добивка | 20 | - | - |
| **(Загуба) за годината** | | **(2,762)** | **(4,098)** |
| Останата сеопфатна добивка за годината | | - | - |
| **Вкупна сеопфатна (загуба) за годината** | | **(2,762)** | **(4,098)** |

# Извештај за промените во капиталот

| | Основачки капитал | Резерви | Акум. (загуби) | 000 МКД<br>Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **На 01 јануари 2016 година** | **702** | **313** | **(50,692)** | **(49,677)** |
| *Трансакции со сопствениците* | - | - | - | - |
| (Загуба) за годината | - | - | (2,762) | (2,762) |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна (загуба)** | **-** | **-** | **(2,762)** | **(2,762)** |
| **На 31 декември 2016 година** | **702** | **313** | **(53,454)** | **(52,439)** |
| | | | | |
| **На 01 јануари 2015 година** | **702** | **313** | **(46,594)** | **(45,579)** |
| *Трансакции со сопствениците* | - | - | - | - |
| (Загуба) за годината | - | - | (4,098) | (4,098) |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна (загуба)** | **-** | **-** | **(4,098)** | **(4,098)** |
| **На 31 декември 2015 година** | **702** | **313** | **(50,692)** | **(49,677)** |

# Извештај за паричните текови

| | Бел. | Година што завршува на 31 дек. 2016 000 МКД | 2015 000 МКД |
|---|---|---|---|
| **(Загуба) пред оданочување** | | **(2,762)** | **(4,098)** |
| Усогласување за: | | | |
| Депрецијација | 5 | 482 | 865 |
| Отпис и оштетување на побарувања | 8,18 | 3,425 | 2,267 |
| Кало, растур, кршење и кусоци на залихи | 18 | 247 | 614 |
| Неотпишана вредност на продадени НПО | 5,18 | 597 | 5,860 |
| Дадени рабати на купувачи | 18 | 4,638 | 3,884 |
| Приходи од продажба на НПО | 15 | (1,468) | (13,900) |
| Приходи од отпис на обврски | 15 | (1,879) | (727) |
| Приходи од камати | 19 | (10) | (16) |
| Расходи по камати | 19 | 792 | 1,592 |
| *Добивка / (Загуба) пред промени во оперативниот капитал* | | *4,062* | *(3,659)* |
| *Промени во оперативниот капитал:* | | | |
| Залихи | | 627 | 21,270 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | | 9,743 | (17,610) |
| Обврски кон добавувачи и останати обврски | | (31,281) | (25,365) |
| Готовина од оперативни активности | | (16,849) | (25,364) |
| (Платени) камати | | (792) | (1,592) |
| (Платен) данок од добивка | | (90) | - |
| | | **(17,731)** | **(26,956)** |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Плаќања за набавка на НПО | | (137) | (1,422) |
| Дадени позајмици | | (761) | (2,579) |
| Прилив од наплатени позајмици | | 1,152 | 4,331 |
| Прилив од продажба на НПО | | 1,468 | 13,900 |
| Приливи по камати | | 10 | 16 |
| | | **1,732** | **14,246** |
| **Финансиски активности** | | | |
| Приливи од / (отплата на) позајмици, нето | | 17,206 | 11,476 |
| | | **17,206** | **11,476** |
| **Нето промени кај паричните средства и еквиваленти** | | **1,207** | **(1,234)** |
| Парични средства и еквиваленти на почетокот | | 441 | 1,675 |
| **Парични средства и еквиваленти на крајот** | 10 | **1,648** | **441** |